**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ВИШ УПРАВЕН СУД**
**Су.бр.0102-427/2021-1**
**11.03.2022 година**
**Скопје**

Претседателот на Вишиот управен суд, Исмета Амет, согласно со член 88 од Законот за судовите („Службен весник на РМ"бр.58/06, бр.150/10 и 83/18) и член 112 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ"бр.66/2013,114/2014), на седницата на судии на Вишиот управен суд, одржана на ден 11.03.2022 година, донесе:

**ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РАСПОРЕДОТ ЗА РАБОТА НА ВИШ УПРАВЕН СУД ЗА 2022 ГОДИНА**
**за претседателот на судот и судиите, заведен под Су.бр.0102-427/2021 од 29.12.2021 година**

Според член 113 од Судсиот деловник, („Службен весник на РМ" бр.66/13.144/14), доколку настапат промени на условите под кои е донесен годишниот распоред за работа во судот и тоа се одразува на успешното работење на судот, во текот на годината може да се изврши негово изменување и дополнување согласно постапката за донесување од овој деловник.

I

Во Распоредот за работа на Виш управен суд за 2022 година, заведен под СУ.бр.0102-427/2021 од 29.12.2021 година, се врши измена и дополнување и тоа:

На страна 2, став 2 од главата „**РАБОТНО ТЕЛО**", се менува и гласи:

**„Во состав на Работното тело ќе членуваат: Снежана Кипровска-судски администратор, судиите Анита Данилова, Владанка Панчукова Сулејманова, Лидија Каначковиќ и Загорка Тноковска, раководниот судски службеник Љупка Илиеска и судскиот службеник Ивица Наумоски."**

На страна 3 , во **I – СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ СОВЕТ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ И ДРУГИ ПРАВА,** после основот „дисциплински мерки на член на Управен одбор на институт на ревизори", се додава основ **„ оспорени одлуки на Судски совет на Република Северна Македонија".**

На страна 4 , во **II – СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ СОВЕТ ЗА ПЕНЗИИ, ИНВАЛИДСКИ, СОЦИЈАЛНИ, ЗДРАСТВЕНИ ПРАВА, ПРАВА ОД РАБОТЕН ОДНОС, ФИНАНСИСКИ И ДРУГИ ПРАВА,** после основот „дисциплински мерки на член на Управен одбор на институт на ревизори", се додава основ **„ оспорени одлуки на Судски совет на Република Северна Македонија".**

На страна 5, во **III – СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ СОВЕТ ЗА ДАНОЧНИ, ЦАРИНСКИ, И ДРУГИ ПРАВА,** во точка 1. Советот за правата од областа за даноци и други права и во точка 2. Советот за правата од областа за царини и други права, после основот „дисциплински мерки на член на Управен одбор на институт на ревизори", се додава основ **„ оспорени одлуки на Судски совет на Република Северна Македонија".**

II

Новопримените предмети под основ „оспорени одлуки на Судски совет на Република Северна Македонија", по донесување на овој Распоред ќе се заведуваат во уписник „УРПЖ", додека веќе применитe и распределени предмети против одлуки на Судски совет на Република Северна Македонија, остануваат во работа на судиите на кои преку системот АКМИС им се распределени во работа.

Ова дополнување е составен дел на Рапоредот за работа на Вишиот управен суд за 2022 година, заведена под СУ.бр.0102-427/2021 од 29.12.2021 година.

Со текот на работењето на Вишиот управен суд, Распоредот за работа на Виш управен суд за 2022 година, соодветно би се дополнувал во согласност со согледаните позитивни или негативни појави, заради зголемување на ефикасноста и ажурноста на Судот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВИШ УПРАВЕН СУД**
**ИСМЕТА АМЕТ**